**20211222002**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 јуни 2021 година.

Бр. 08-2661/1
1 јуни 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА

Член 1

Во Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18) во членот 3 став (2), член 4 ставови (3) и (5), член 5 став (1), став (2) точка 1), член 9 точка 10), член 12, член 14 став (1) точка 1), член 16 став (2) точка 5), член 17-а став (10), член 17-б, член 17-з ставови (5) и (6), член 17-с став (5), член 18 став (1), член 22 став (1), членови 23 и 29, член 33 ставови (2), (3) и (4), член 34 и член 38 ставови (2), (3), (5) и (6) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 39 во ставот (1) воведната реченица се менува и гласи: „Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија микро трговец, од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија мал трговец, од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија среден трговец и од 2.500 до 3.500 евра во денарска противвредност за субјект на ревизија голем трговец ќе му се изрече за прекршок на правно лице ако:”.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на субјект на ревизија–трговец поединец за прекршоците од ставот (1) на овој член.”.

Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.“.

Член 3

Членот 39-а се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за микро трговец, од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност за мал трговец, од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност за среден трговец и од 2.500 до 3.500 евра во денарска противвредност за голем трговец ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 17-б од овој закон доколку:

1) не го снима, не го емитува во живо на веб-страницата на Државниот завод за ревизија и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб-страницата на Државниот завод за ревизија согласно со членот 17-з став (3) од овој закон;

2) не го прекине испитот согласно со членот 17-ѕ ставови (5) и (6) од овој закон и

3) не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот согласно со членот 17-з став (3) од овој закон.

(4) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.”.

Член 4

Во членот 39-б зборовите: „1.000 до 1.500“ се заменуваат со бројот „500“.

Член 5

Во членот 39-в зборовите: „2.000 до 3.000“ се заменуваат со бројот „250“.

Член 6

Во членот 39-г зборовите: „до 200“ се бришат.

Член 7

Во членот 39-д зборовите: „2.000 до 3.000“ се заменуваат со бројот „100“.

Член 8

Членот 40 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластен државен ревизор, односно на државен ревизор ако државната ревизија ја врши во спротивност на членот 20 став (1) од овој закон.“.

Член 9

По членот 40 се додава нов член 40-а, кој гласи:

„Член 40-а

„Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластен претставник од членот 17-з став (5) од овој закон, доколку дозволи кандидатот при полагањето на испитот да постапи спротивно на членот 17-ѕ ставови (2), (3), (4) и (9) од овој закон.”.

Член 10

Започнатите прекршочни постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18).

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.